# НОВО СРЦЕ

**Неделен Христијански Интернет Билтен бр. 111, Дата: 19. 12. 2011.**


## Технологијата и човечките потреби

Гледајќи ги филмовите од типот на „Џејмс Бонд“ или „Невозможна мисија“, се среќаваме со технологија која како да доаѓа од иднината, далеку понапредна од онаа со која располагаме во нашите домови. Дел од таква „технологија на иднината“ ви претставуваме и во овој број.



### Наскоро телефон што ќе можете да го превиткувате.

Самсунг AMOLED светливите екрани со дијагонала од 4,5 инчи и дебелина од 0,3 милиметри е претставен во Јануари оваа година. Технологијата се состои од употреба на материјал кој создава светлост во секој пиксел, така да не е неопходно позадинско осветлување. Од компанијата на телефонот Galaxy II најавуваат дека во првите пет месеци овој телефон се продал во 10 милиони примероци.

### Сурфање на интернет, со помош на компјутеризирани леќи.



Благодарение на новите технологии, сурфањето наскоро ќе се одвива и со помош на компјутеризирани контактни леќи. Пораки и фотографии на овој начин автоматски би се прикажувале пред вашите очи. До сега технологијата за пренос на информации преку видното поле беше незамислива и ја гледавме можеби само во научно-фантастичните филмови. Но со текот на времето луѓето направиле прототип на контактни леќи кои еден ден би овозможиле “hands-free” информации од целата планета.



### Дигитално „паметно“ огледало (smart mirror)

Замислете дека се наоѓате во вашето купатило и додека си ги четкате вашите заби, на огледалото ви се прикажува временската прогноза за денот, најновите настани, подсетувања за дневните активности и обврски, па дури и пораки од е-мејл или телефон.
Ваквата технологија веќе е реалност и беше промовирана на еден симпозиум за иновации. Со ова огледало, не само што ќе ги имате пред очи најважните информации за денот, туку и ќе бидете предупредени за промената на вашиот изглед, состојба на забите и слично. Доколку сакате, ќе можете од огледалото да ја порачате омилената музика, или да го прашате кој е најубав на светот ☺ .

Со ваква технологија од иднината, која продира и во сите други области (медицината, спортот, агрономијата, безбедноста...), луѓето би помислиле дека ќе се решат сите човечки потреби и проблеми. За жал воопшто не е така. Човекот и понатаму си останува духовно празен и непроменет.

Најпознатиот проповедник на денешницата д-р Били Грејм, во својата книга „Мир со Бог“, вели: „Сите тие современи откритија ни даваат ли чувство на исполнетост, ни даваат ли одговор на прашањето, зошто постоиме? Дали тоа ни носи (трајна) радост, задоволство и причина за живеење, која тргнавме да ја бараме? Или тоа чувство на празнина останува и понатаму во нас?“.
Били Грејм констатира дека покрај сиот напредок на технологијата, остануваат основните, човекови проблеми: чувството на духовна празнина и осаменост, себичноста, неморалот, гревот и смртта.

Иако е корисна, новата технологија нема моќ да ги реши овие нешта. Единствено Исус Христос има сила да го промени твојот живот и да му даде смисла. Токму затоа, во Библијата стои запишано: *„Кога некој ќе стане христијанин (ќе го прифати Христос), тој е веќе нова личност. Не е веќе ист како порано, зашто со стариот живот е завршено. Започнува нов живот.“* (2 Кор.5:17)


**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**